# **Здравствена едукација, мај  2014 година**

Центарот за јавно Здравје - Скопје, преку Отсекот за здравствено воспитание, и во месец мај продолжи континуирано со здравствена едукација на населението на својата територија.

Во месец мај оваа година се одржани вкупно **204 едукативни предавања со опфат на 3096 лица** - деца од предучилишна возраст, ученици во основното и средното образование.

Едукативните предавања беа одржани во општините Центар, Бутел и  Кисела Вода и тоа во следните училишта:

- *Во општина Центар  - О.У..,,Димитар Миладинов"*
- *Во општина Бутел  - СЕПУГС ,,Арсени Јовков"*

*Предавања беа одржани и во детската градинка:*

- *Во општина Кисела Вода -  ЈДГ.,,Весели Цветови" во нејзините објекти ,,Сончоглед". ,,Кокиче". ,,Мимоза" и  Синоличка".*

*Едукативните содржини ги опфатија следните теми:*

- *Лична хигиена и превенција од небезбедна вода за пиење*
- *Здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана*
- *Здравствен бенефит од редовни физички активности*
- *Болести на зависност*
- *Контрацепција*
- *Адолесцентна бременост и*
- *ХИВ/Сида*

*Исто така, беа одржани **две трибини** на следните теми:*

*1. Адолесцентна бременост  и*
*2.Штетните ефекти  од пушењето*

*По повод **Светскиот ден против пушењето, 31 мај 2014** година во основните и средните учишлишта беше **дистрибуиран едукативен материјал** со следната содржина:*

- *Студии во врска со употребата на тутунот во Република Македонија*
- *Штетни ефекти од пушењето*
- *Здравтсвени бенефити од откажување од пушење*

*Во општина Аеродром беа посетени следните училишта: СУГС ,,Марија Кири Склодовска", СУГС ,, Димитар Влахов" и ,, О.У. ,, Блаже Конески". Во општина Центар беше поделен едукативен материјал во СУГС ,, Раде Јовчевски Корчагин", во О.У. ,,11 Октомври" и во О.У. ,, Димитар Миладинов".*


ЈДГ.,,Весели Цветови” , општина Кисела Вода


ЈДГ.,,Весели Цветови” , општина Кисела Вода


ЈДГ.,,Весели Цветови” , општина Кисела Вода